EVN

## Политика за заштита при работа во ЕВН

### Цели

Ние ја сфаќаме нашата одговорност за безбедноста на нашите вработени сериозно. Оваа политика е наменета да послужи како водич за нашите напори за идентификување, процена и управување со материјалните влијанија, ризици и можности поврзани со заштита на работниците и заштита од пожари. Ги дефинира принципите и процесите што се користат за следење и контрола на условите на работното место и работните процеси, кои, пак, ја формираат основата за намалување на потенцијалните опасности за вработените. Нашата цел е не само да ги исполниме туку, секогаш кога е можно, да ги надминеме законските барања. Со оваа политика се обврзуваме за континуирано подобрување на заштитата на работниците и заштитата од пожари преку постојани иновации и, со тоа, даваме позитивен придонес за побезбедна работна средина.

### Област на важење

Оваа политика ги дефинира материјалните насоки за заштита на работниците и заштита од пожари во ЕВН и се применува во целата групација. Исто така, очекуваме нашите деловни партнери, добавувачи и клиенти да ги почитуваат и да ги поддржат овие барања како и нашите напори за намалување на потенцијалните опасности. Ние соработуваме, секогаш кога е можно, да ги минимизираме опасностите за нашите вработени и за другите лица.

При овие принципи на однесување и насоки за дејствување, се концентрираме на темите што за време на годишното ажурирање на анализата на материјалноста се идентификувани како фокусни теми.

### Принципи на однесување

Спроведувањето на нашите мерки за заштита на работниците и заштита од пожари и сите активности поврзани со вработените, се заснова на следниве принципи на однесување, кои важат за сите наши деловни активности:

→ <u>Одговорност:</u> Сите вработени се одговорни за минимизирање на опасностите во рамките на активности што им се лично доделени. Ова вклучува усогласеност со сите релевантни и важечки прописи, процедури и политики.

→ <u>Континуирано подобрување:</u> Постојано се стремиме кон подобрување на нашите практики и изнаоѓање иновативни решенија за дополнително намалување на опасностите и несреќите на работното место.

→ <u>Примена на принципот на хиерархија на избегнување:</u> Работиме на тоа што е можно повеќе да ги спречиме или да ги намалиме несреќите поврзани со работата.

→ <u>Постојано следење:</u> Вршиме редовни инспекции и процени во согласност со техничките и законските барања.

→ <u>Усогласеност:</u> Се обврзуваме дека ќе ги почитуваме сите релевантни закони, прописи и стандарди за заштита на работниците и заштита од пожари. Посветени сме на усогласеноста со сите релевантни прописи и стандарди за заштита на работниците и заштита од пожари. Каде што е можно, се стремиме да ги надминеме соодветните задолжителни барања.

→ Внатрешни политики: Се обврзуваме да работиме во согласност со внатрешните политики и процеси за да се минимизираат опасностите што претставуваат ризик за вработените и за општеството.

**Приоритетни насоки за дејствување**

Заштитата на работниците и заштитата од пожари играат водечка улога во ЕВН и затоа ги дефиниравме следниве приоритетни насоки за дејствување:

→ Намалување на опасностите: Нашите активности се насочени кон создавање безбедна работна средина за нашите вработени.

→ Редовно истражување на влијанијата, на ризиците и на можностите: Ги идентификуваме, ги квантифицираме и ги проценуваме влијанијата, ризиците и можностите на нашите активности и локации, во однос на нашите вработени и општеството.

→ Транспарентно известување: Транспарентно известуваме за несреќи и пожари во ЕВН и информираме за нашите мерки и нивниот успех во однос на безбедноста и заштитата од пожари.

→ Отворени комуникации: Промовираме култура на отворена комуникација и ги охрабруваме сите вработени да дадат предлози за подобрување на заштитата на работниците и заштитата од пожари, како и да ги изразат своите евентуални размислувања.

→ Создавање свесност: Го поддржуваме создавањето поголема свесност кај нашите вработени за заштита на работниците и заштита од пожари и организираме редовни обуки за нашите стручни лица.

→ Инклузивно управување со засегнатите страни: Ние работиме заедно со нашите засегнати страни и ги инкорпорираме нивните потреби во рамките на законите.

**Одговорност**

Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје го претставува највисокото раководно ниво кое е одговорно за спроведување на оваа политика.

**Управен Одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје**